ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-86/11

Дата: 14.11.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (631) на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ ).

Врз основа на резултатите од ревизијата за 2015 година, ние изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2015 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Во претходниот период е извршена ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на МТВ за 2010 година и е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2010 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Обрнуваме внимание дека по основ на орочени средства во 2000 година, МТВ побарува 100.000 илјади денари од стечајната маса на „Експорт Импорт банка“ А.Д. Скопје. Во текот на 2015 година од стечајната маса врз основа на решение од Основниот суд Скопје II распределени се парични средства во износ од 34.918 илјади денари и вратени на сметката на МТВ, а за остатокот од побарувањата во износ од 65.082 илјади денари постои неизвесност за нивната наплата.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на МТВ сметка на основен буџет (631) **за** 2015 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Во претходниот период е извршена ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата, кои претставуваат државни расходи на МТВ за 2010 година и е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2010 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Миле Јанакиевски – министер од 26.08.2006 година до 12.05.2015 година и
- Владо Мисајловски –министер од 13.05.2015 година до денот на ревизијата.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални

аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2016 до 30.06.2016 година кај МТВ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок на 18.06.2016 година со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор на сметката на основниот буџет (631) број 12-86/5 од 18.08.2016 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за транспорт и врски сметка на основен буџет (631) на ден 31.12.2015 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Обрнуваме внимание дека Министерството за транспорт и врски врз основа на Договор склучен на 29.08.2000 година помеѓу Владата на РМ (преку МТВ) и „Експорт Импорт банка“ А.Д. Скопје депонирало парични средства во износ од 100.000 илјади денари во „Експорт - Импорт банка“ А.Д. Скопје.

Со Решение на Основниот суд Скопје II Ст. бр. 145/04 од 11.03.2004 година над должникот „Експорт Импорт банка“ А.Д. Скопје е отворена стечајна постапка. По претходно одржано испитно–верификационо рочиште за утврдување на пријавените побарувања на доверителите од стечајниот должник, Основниот суд Скопје II донел решение со кое се утврдени побарувањата на 46 доверители на банката во стечај, меѓу кои и побарувањето на МТВ во износ од 100.000 илјади денари. Во текот на 2015 година добиени се Решенија на Основниот Суд Скопје II Скопје со кои од стечајната маса на Експорт Импорт банка АД Скопје се распределуваат средства во корист на МТВ при што на сметката на МТВ уплатени се 34.918 илјади денари, а за остатокот од побарувањата во износ од 65.082 илјади денари постои неизвесност за нивната наплата.

**Министерство за транспорт и врски**
**Сметка на основен буџет (631)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2015** | **2014** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 35.099 | 967 |
| Капитални приходи | 3.1.2. | 1.196 | 452 |
| Трансфери и донации | 3.1.3. | 937 | 2.953 |
| **Вкупно приходи** | | **37.232** | **4.372** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 933 | 3.017 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 549 | 451 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.482** | **3.468** |
| **Вкупно расходи** | | **1.482** | **3.468** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3. | **35.750** | **904** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **35.750** | **904** |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **35.750** | **904** |

**Министерство за транспорт и врски**
**Сметка на основен буџет (631)**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 35.750 | 904 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 162 | 312 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 8 | 19 |
| **Вкупно тековни средства** | | **35.920** | **1.235** |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.1. | 65.082 | 100.000 |
| **Вкупно постојани средства** | | **65.082** | **100.000** |
| **Вкупна актива** | | **101.002** | **101.235** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 8 | 19 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 100.994 | 101.216 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **101.002** | **101.235** |
| **Вкупна пасива** | | **101.002** | **101.235** |